# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на Општина Кавадарци



| Број 58 | 03.09.2024 година |
|---|---|



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | 2 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | 2 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-1427/2 за овластување за потпишување на нотарски акти, а во врска со Договорот за одобрување на долгорочен кредит со својство на извршна исправа бр.08-120-47959/1 | 4 |
| Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-1427/2 за овластување за потпишување на нотарски акти, а во врска со Договорот за одобрување на долгорочен кредит со својство на извршна исправа бр.08-120-47959/1 | 5 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2024 година | 6 |
| Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2024 година | 7 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.09.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4893/1** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.09.2024 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл. Весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та Вонредна седница, одржана на ден 03.09.2024година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци бр.08-4552/26 од 22.08.2024 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.56/24), се врши следното изменување и дополнување и тоа :

Во насловот на Одлуката, пред зборовите Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци СЕ ДОДАВААТ зборовите :

„ Комерцијална банка АД Скопје и “

Во член 1 став 1 текстот “од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци, за потребите на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци “, **СЕ ЗАМЕНУВА со нов текст кој гласи**:

“од страна на давателите на донацијата Комерцијална банка АД Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци, за потребите на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци со половина од вкупниот износ, односно со износи од по 7.123.545,00 денари за секоја страна.“

Во член 2 интерпункцискиот знак точка, СЕ ЗАМЕНУВА **со** интерпункциски знак **запирка и СЕ ДОДАВА нов текст кој гласи** :

“и тоа од по 7.123.545,00 денари донација од Комерцијална банка АД Скопје, и 7.123.545,00 денари донација од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци„ .

После член 2 **СЕ ДОДАВА нов член 3 кој гласи**:

„Организатор и спроведувач на набавката, транспортот и монтажата на материјалното добро-предмет на донацијата ќе биде Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци„.

Член 3 станува член 4 и истиот **СЕ МЕНУВА и гласи**:

“Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, во име на Советот на општина Кавадарци ги овластува членовите на совет Тони Нешковски и Јован Златевски, во име на Општината како примател на донацијата, да склучат Договор за донација со давателите на донацијата Комерцијална банка АД Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци, за потребите на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци.“

Член 4 станува член 5 и истиот **СЕ МЕНУВА и гласи**:

„Оваа одлука влегува во сила со од денот на донесување а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци„

**Член 2**

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4877/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.09.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-1427/2 за овластување за потпишување на нотарски акти, а во врска со Договорот за одобрување на долгорочен кредит со својство на извршна исправа бр.08-120-47959/1**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-1427/2 за овластување за потпишување на нотарски акти, а во врска со Договорот за одобрување на долгорочен кредит со својство на извршна исправа бр.08-120-47959/1, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.09.2024 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-4893/2 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**03.09.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002), член 25 а од Законот за Јавен долг(„Сл.Весник на РМ„ бр.62/05...139/14 и „Сл.Весник на РСМ„ бр.98/19 и 151/21), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.Весник на РМ” бр.38/96....35/19 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....274/2022), член 82 став 1 точка 31, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та Вонредна седница одржана на ден 03.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-1427/2 за овластување за потпишување на нотарски акти, а во врска со Договорот за одобрување на долгорочен кредит со својство на извршна исправа бр.08-120-47959/1**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука со арх.бр.02-1427/2 за овластување за потпишување на нотарски акти, а во врска со Договорот за одобрување на долгорочен кредит со својство на извршна исправа бр.08-120-47959/1, донесена на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, одржана на ден 30.08.2024 година;

.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-4877/ 2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.09.2024 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2024 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.09.2024 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4893/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**03.09.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 32 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.Весник на РСМ„„275/19, 14/2020, 215/21, 99/22), член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16,198/18 „„Сл.Весник на РСМ„бр.143/19,14/2020), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та Вонредна седница одржана на ден 03.09.2024 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2024 година

### Член 1

Се дава согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2024 година, со арх.бр.04-3806/7 од 27.08.2024 година, донесен од Градоначаникот на Општина Кавадарци.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4877/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.09.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**